# Извештај Граѓански засновани анализи 2010
# Квалитет на социјални услуги



Два пати повеќе испитаници сметаат дека квалитетот на социјалните услуги кои се нудат во нивната локална заедница е со добар стандард, во споредба со социјалните услуги кои се нудат на национално ниво.

Последното поглавје на ова издание го анализира квалитетот на здравствените услуги, образовните услуги, и социјалните услуги за семејствата, постарите лица, лицата со инвалидитет и ранливите лица, како и напорите за деинституционализација. Ова поглавје развива детален преглед за перцепциите на луѓето за квалитетот на социјалните услуги со кои доаѓаат во контакт. Главната анализа се однесува задоволството на испитаниците со социјалните услуги, изборот и партиципацијата во институциите за социјални услуги, и влијанието врз испораката на социјалните услуги. Фактот што повеќе од половина од луѓето сметаат дека испораката на локалните услуги е со добар квалитет, претставува индиректен индикатор за успешноста на процесот за децентрализација и за трансферот на одговорностите од централната на локалната власт. Меѓутоа, сè уште има уште многу да се направи за да се подобри квалитетот на социјалните услуги.

Деловните здруженија, трговските унии или НВО можат да бидат движечка сила за придвижување на локалната власт за да го подобри квалитетот на нивните услуги, со искажување на нивниот „глас". Цивилното општество во Република Македонија од осамостојувањето прерасна во значајна сила со различни организации кои ги претставуваат интересите на различните делови на населението. Постојат многубројни социјални организации низ земјата, дури и во руралните области. Улогата на социјалните организации и на НВО може да биде инструмент во подобрувањето на веќе подобрената локална власт. Важна улога во влијанието на луѓето да партиципираат во процесите на донесување одлуки на локално ниво. Меѓународните донатори треба да го земат во предвид воведувањето програми кои ќе понудат грантови или помош до социјалните организации и НВО кои се волни да водат вакви проекти.

**Поголемиот дел од луѓето веруваат дека централната, а не локалната власт е најпогодна за обезбедувањето образовни услуги, услуги за постари лица, за деца и за лица со инвалидитет.**

*Квалитет на социјални услуги*

| **Процент на испитаници кои го искажале своето гледиште во однос на:** | **Добар** | **Просечен** | **Слаб** |
|---|---|---|---|
| Општиот квалитет на социјалните услуги | 16% | 44% | 34% |
| Квалитетот на социјалните услуги во локалитетот | 31% | 43% | 22% |

Поголемо внимание се посветува на бенефитите од зголемувањето на партиципацијата на луѓето во управувањето и испораката на социјалните услуги. Локалните власти треба да работата на зголемување на ангажманот на луѓето во процесот на донесување одлуки (добар пример е ЗЕЛС). Јавните собири се дизајнирани да ја зголемат довербата помеѓу локалната заедница и властите.

Во однос на образованието, напорите на владата да ги зголеми стапките на партиципација во институциите за високо образование ќе бидат безвредни ако квалитетот на знаењето на судентите кои завршуваат основно и среднос образование е ниско. Образованието кое се нуди треба да биде придобивка за младите генерации во однос на содржината.

Анкетата покажуба дека луѓето немаат доволно информации за работата на општинските власти. Добро информираните луѓе се перереквизити за креирање на политики и за развој. Локалните власти треба да воведат подобра транспарентност во нивната работа и да обезбедат повеќе и подобри информации за социјалните услуги. Општинските власти треба да ги користат располоѓливите алтернативни алатки за обезбедување социјални услуги на локално ниво, како меѓуопштинската соработка, или аутсорсинг на испораката на услугите

**Важно е да се подобри комуникацијата за работата на локалните власти.**

*Најдобри даватели на услуги според испитаниците:*

| Процент на испитаници кои посакуваат услугите да се обезбедат од: | Образовни услуги | Услуги за постари лица | Услуги за деца | Услуги за лица со инвалидитет |
|---|---|---|---|---|
| Централна власт | 69% | 61% | 63% | 69% |
| Локална власт | 28% | 32% | 30% | 23% |
| Приватни даватели на услуги | 2% | 2% | 2% | 2% |
| НВО | 1% | 5% | 5% | 6% |

За серијата извешаи Граѓански засновани анализи: Извештајот Граѓански засновани анализи 2010 година, продолжува да ги испитува трендовите и аспектите на социјалната вклученост, кое беше иницирано во првиот број, издаден во Март, 2008 година, каде главниот фокус беше социјалната вклученост испитувана од аспект на управувањето и етничките димензии. Оваа серија на извештаи продолжува со следното издание издадено во Април, 2009 година, каде главиот фокус беше на регионалниот развој и квалитетот на живот. Секој извештај се базира на наодите од анкетата на 1000 испитаници (3000 испитаници за вториот регионален извештај) од целата држава со финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП). Овие извештаи целат кон креирање на простор за професионално, непартизирано, балансирано, прагматично и конструктивно независно истражување на политиките и капацитетите во државата, со поглед на зголемување на инклузивноста и креирањето на политика базирана врз докази, квалитет на управување и животот на луѓето.

ЗА КОНЦЕПТОТ НА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ: Социјалната инклузија ги дефинира вредностите на општеството со препознавање на "должноста за грижа" на власта да ги обезбеди сите потребни средства за секој поединец да биде дел од општеството со еднакви социјални, економски и/или политички можности. Таа исто така ги адресира сите форми на нееднаквоста внатре во државата. Социјалната вклученост е одговор на институционалната неефикасност, што претставува долгорочен процес кој бара промени во социјалните ставови и врските на моќта. Таа исто така има оперативна пристрасност, осмислувајќи одговори во политиките, ефективно распознавајќи дека Државата има "должност да се грижи" да ги вклучи сите членови на општеството во политичките , економските и социјалните процеси. Дополнително, социјалната вклученост мора да одговори на различните видови дискриминација во однос наполот, возраста, етничката припадност или инвалидитетот, итн.

Универзитетот на Југоисточна Европа е институција за високо образование која се наоѓа во осмата година на нејзиното постоење. Од отворањето на нејзиниот кампус во Тетово во октомври, 2001 година, таа успеа да се етаблира како универзитет чија работа се раководи од високи стандарди за квалитет и е финансиски одржлива. Во денешно време, тој е модел за мултиетничка, мултијазачна образовна институција во Југоисточна Европа. Тој успеа во комбинирањето на најдоброто од Европското искуство и искуството на Соединетите Американски Држави, и продолжува да ги користи бенефициите од академската соработка спонзорирана од Европската Комисија и УСАИД, меѓу другите донатори. ЈИЕУ се истакнува од другите институции во промовирањето на соработката